# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

ЗЕЛС

EVN macedonia

**Скопје, 29 Јануари, 2008 г.**

...СТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА
...ДРУШТВО ЗА ДИСТРИБУЦИЈА И
СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА
Бр. 02-1453/1
29. 01. 2008 год.
СКОПЈЕ

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА
ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
03-115
30. I. 2008 год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

*Со цел да се поддржи процесот на фискална децентрализација и обезбедување на финансиска стабилност на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија и зголемување на наплатата на комуналните такси и даноци;*

*За взаемно иницирање на процес на обезбедување предуслови за унапредување на техничките карактеристики и квалитетно и непречено обезбедување на електрична енергија за остварување на јавните функции на општините;*

*Со цел размена на искуства во насока на развојот и имплементацијата на принципите на енегергетска ефикасност во рамките на локалната самоуправа;*

*Заради обезбедување тековни податоци за состојбите со правните субјекти и останати сервисни информации од регистрите за потребите на евиденциите на единиците на локалната самоуправа и реални финансиски предвидувања;*

*Со цел воспоставување тесна координација во определувањето на условите за репрограмирање на долговите на општинтие кон ЕВН Македонија АД Скопје, обезбедување разумни услови како и дополнителчни механизми за поедноставување на администрирањето на средствата.*

*Заради взаемна поддршка во постапките за планирање на просторот, инфраструктурата и развојот на пазарот на електрична енергија во Републиката*

*Страните склучија:*

## МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

во Скопје, на 29 јануари, 2008 г.

склучен помеѓу:

**Заедницата на единиците на**
**локалната самоуправа на Р.М. - ЗЕЛС,**
преставувана од Претседателот, ***г. Андреј Петров***,

и

**ЕВН Македонија АД**, Скопје
претставувана од Претседателот на Управниот одбор, ***ММаг. Георг Валднер***
и
Заменик Претседателот на управниот одбор ***инж. Карл Хајнц Грасман***

со следната содржина:

# ГЛАВА I
предмет на Меморандумот

**Член 1**

Предмет на овој меморандум претставува воспоставување на соработка помеѓу Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Р.М. - ЗЕЛС и ЕВН Македонија АД Скопје, со цел утврдување на условите за надминување на тековните состојби со наплатата на заостанатите долгови на единиците на локалната самоуправа кон ЕВН Македонија АД Скопје, зголемување на увидот, ажурноста и евиденцијата на наплатата на комуналната такса за улично осветлување и останатите прашања детално уредени со одредбите на овој акт.

**Член 2**

Со овој Меморандум, во рамките на заложбите истакнати во преамбулата на овој Документ, страните се обврзуваат доследно да ги спроведуваат одредбите разработени во Глава II на овој Меморандум.

# ГЛАВА II
взаемни обврски

**Член 3**

ЕВН Македонија АД Скопје, ќе го структурира долгот по различен основ (долг за улично осветлување, долгот на јавните претпријатија, образовните институции и административните згради) со поделба на износот на затекнатиот долг - долгот настанат до 31 декември 2005 г. и износот на тековниот долг до моментот на изготвување на извештајот.

ЕВН Македонија АД Скопје, ќе достави преглед за секоја општина поединечно со цел усогласување на податоците со соодветната општина.

Вака структурираните податоци, најдоцна до 15-ти во тековниот месец ќе бидат доставени до ЗЕЛС, кој ќе изврши дистрибуција до сите општини.

Доставата на прегледот - податоците од ставот 1 на овој член ќе се изврши поединечно за секоја општина, а не сумарно.

**Член 4**

ЕВН Македонија АД Скопје и ЗЕЛС се согласни мерната опрема за уличното осветлување да се изнесе надвор од трафостаниците а општините да имаат пристап до истата во зависност од потребата за интервенција на уличната мрежа.

ЕВН Македонија АД Скопје најдоцна до 30 април 2008. г. ќе изготви постапка (акт со кој ќе се утврди соодветната процедура) со која ќе се уреди постапувањето по поднесеното барање од општината, начинот на вршењето на работите и времето во кое истите ќе бидат реализирани, а со цел на овластените лица на општината да им се овозможи пристап до

електроенергетските објекти сопственост на ЕВН Македонија АД Скопје заради реконструкција и одржување на уличната мрежа. Со истата ќе се утврдат начинот и роковите за постапување на ЕВН Македонија АД Скопје и соодветната општина.

Постапката од став 2 на овој член, согласно која ќе се постапува по барањата на општините за обезбедување право на пристап поради реконструкција и одржување на мрежата за улично осветлување е еднаква за сите баратели под исти услови.

Текстот на предлог – актот на процедурата ќе биде доставен до ЗЕЛС на мислење и усогласување.

**Член 5**

ЕВН Македонија АД Скопје е согласен да изготви посебна процедура, а најдоцна до 30 април 2008 г. со која ќе се обезбедат и предуслови за взаемни активности во насока на приспособување на мрежата за улично осветлување кон потребите на општините во смисла на извлекување на дополнителни водови (столбови и нови сијалични места) а како посовремени и пософистицирани решенија.

Процедурата од ставот 1 на овој член ќе биде изготвена согласно начелата за намалување и заштеда на потрошувачката на електрична енергија.

Изготвениот Нацрт – акт, пред неговото конечно усвојување ќе биде доставен до ЗЕЛС на мислење и усогласување.

**Член 6**

ЕВН Македонија АД Скопје ќе врши фактурирање на комунална такса за секое броило без исклучок, односно за секој обврзник согласно членот 20 од Законот за комуналните такси.

ЕВН Македонија АД Скопје ќе состави список на обврзници по категории (број на броила): согласно тарифникот бр. 10 од Законот за комунални такси и истиот ќе го достави до соодветната општина.

Извештајот за месечниот износ на прибраните средства, поединечно и кумулативно ЕВН Македонија АД Скопје ќе го доставува најдоцна до 15 – ти секој месец до секоја општина поединечно.

Доставата на извештаите ќе се врши по електронски пат поради поедноставна и поажурна комуникација. ЗЕЛС се обврзува да ги обезбеди контакт информациите и е-маил адресите на сите општини во Републиката.

ЕВН Македонија АД Скопје ќе доставува шестмесечен извештај за реалната состојба со бројот на броилата.

Известување за ненаплатените побарувања по основ на застарена комунална такса еднаш месечно ќе се доставуваат до соодветната општина. Начинот на реализацијата на оваа обврска

како и формата во која ќе се доставува информацијата за ненаплатената комунална такса ЗЕЛС и ЕВН Македонија АД Скопје ќе ја уредат во рамките на тековната соработка.

## Член 7

Со цел наплата на данокот на имот ЕВН Македонија АД Скопје ќе достави податок за вкупниот имот со кој располага по општини за да може да се наплатува данок на имот во согласност со Закон.

Заради наплата на данокот на имот кон општините, обврска која за ЕВН Македонија АД Скопје произлегува согласно Законот за даноците на имот, (Сл.Весник на РМ бр.61/04 и 92/07) двете страни се согласни:

- ЗЕЛС да ги извести општините за изразената согласност и волја од страна на ЕВН Македонија АД Скопје за плаќање на данокот на имот,
- За имотот за кој поседува соодветна документација (доказ за сопственост), ЕВН Македонија АД Скопје ќе ги достави даночните пријави во законски определениот рок,
- за имотот за кој дополнително ќе бидат обезбедени податоци (од страна на ЕВН Македонија АД Скопје или од соодветната општина) даночната пријава да може да се поднесе и вон законски определениот рок без притоа да настанат правни последици за ЕВН Македонија АД Скопје како даночен обврзник.

Двете страни ја констатираат состојбата со нецелосната евидентираност на имотот односно незавршена постапка за запишување на сопственоста врз имотот на ЕВН Македонија АД Скопје во јавните книги.

## Член 8

ЕВН Македонија АД Скопје и општините се согласни да ги следат развојните насоки при носење на инвестициските планови. Во постапката на донесуваање на урбанистичките планови кои се доставуваат за согласност до надлежното министерство, истовремено да се извести и ЕВН Македонија АД Скопје.

Согласно законските одредби со кои се уредува постапката на донесување на урбанистичките планови, ЕВН Македонија АД Скопје навремено ќе биде известен за датумот на јавната расправа за донесениот урбанистички план.

Општините и ЕВН Македонија АД Скопје се согласни да извршат взаемно усогласување на плановите при планирањето на просторот и инвестирањето во областа на енергетиката како и да утврдат во кои насоки и во кои области би се насочила понатамошната соработка.

## Член 9

ЕВН и општините се согласни долговите на општините да се исплатат на рати. Во операционализацијата на погоренаведеното, ЕВН Македонија АД Скопје, ќе има еднаков , но флексибилен пристап кон сите општини..

ЕВН Македонија АД Скопје ќе пристапи кон склучување на договор за репрограмирање на долгот за фактурирана електрична енергија за улично осветлување со секоја општина поединечно, а истото ќе биде реализирано со взаемна иницијатива на ЗЕЛС.

Одредбите од ставовите 1, 2 и 3 на овој член ќе се применуваат кон сите општини во Републиката, освен кон општините кои :

- Имаат долг кон ЕВН Македонија АД Скопје а заклучно со 28 февруари 2008 г. ги немат уплатено во целост прибраните и трансферирани средства по основ на наплатена комунална такса.
- Имаат долг кон ЕВН Македонија АД Скопје по основ потрошена електрична енергија за административните згради, а овој долг не го подмират најдоцна до 28 февруари 2008 г.

## Член 10

Договорите кои ќе бидат понудени на општините за репрограмирање на долговите уредени со членот 9 од овој Меморандум, ќе бидат со важност до март 2009 г., а истите согласно условите утврдени со овој Меморандум договорот ќе го склучат најдоцна до 28 февруари 2008 г.

Општините имаат обврска прибраните и пренесени средства по основ на комунална такса во висина на својата обврска кон ЕВН Македонија АД Скопје најдоцна до 30-ти во месецот односно во рок од 10 дена по приемот на уплатата да ги трансферират на сметката на ЕВН Македонија АД Скопје..

Примената на мерката прекин на испорака на електричната енергија за улично осветлување односно административните згради, ЕВН Македонија АД Скопје ќе ја примени единствено кон општините кои нема да склучат спогодба согласно условите утврдени со членот 9 од овој Меморандум и нема да се придржуваат кон условите на склучениот договор.

Општините кои имаат блокирани сметки, а со тоа и неможност за сервисирање на долгот се должни писмено да го известат ЕВН Македонија АД Скопје за настанатата состојба, со цел прибраните средства од комуналната такса да се пренесуваат на општините во периодот од 1 до 15 во тековниот месец.
ЕВН Македонија АД Скопје се обврзува квартално да доставува писмена информација до ЗЕЛС за состојбата со реализација на склучените договори за репрограмирање.

**Член 11**

Поради запазување на законските рокови утврдени за постапката на планирање на буџетите на општините, ЕВН Македонија АД Скопје писмено ќе се обрати до секоја општина со детално образложение за структура на долгот, а со цел општините да бидат ограничени за сервисирање на долговите поради постапките пред трезорот.
Долговите на Јавните претпријатија чии основачи се општините ќе бидат предмет на идно разгледување во рамките на формираната АД – Хок Комисија.

**Член 12**

ЕВН Македонија АД Скопје се обврзува да не врши исклучување на уличното осветлување и административни згради до 28 февруари 2008 г., рок до кога општините имаат обврска во целост да ги подмират своите долгови за фактурирана електрична енергија за административни згради, и за фактурираната ненаплатена електрична енергија за улично осветлување.
Доколку најдоцна до истекот на месец март 2008 г. општините не ги надоместат долговите по основот утврден во став 2 од овој член, ЕВН Македонија АД Скопје ќе го иницира ова прашање до АД Хок Комисија.

**Член 13**

ЗЕЛС, по претходно усогласување во рамките на надлежностите на Статутарните органи и по донесена Одлука за оваа цел, ќе покрене иницијатива до Министерството за финансии со кое ќе се побара наменските средства кои се пренесуваат на оштините директно да се користат за подмирување на долговите кон ЕВН Македонија АД Скопје а истите да не бидат предмет на извршување во соодветна постапка по побарување.

Во околности утврдени во ставот 1 на овој член (по претходно донесена одлука на Управниот одбор на ЗЕЛС), ЗЕЛС и ЕВН Македонија АД Скопје се согласни да побараат одржување на состанок на највисоко ниво со претставниците на Мнистерството за финансии на Република Македонија, како можност заеднички да ги истакнат барањата уредени со овој Меморандум.

**Член 14**

ЕВН Македонија АД Скопје и секоја општина одделно ќе настојуваат да се склучат спогодби за вонсудско или судско порамнување за секој конкретен судски спор. Секое порамнување ќе биде соодветно уредено во зависност од вредноста на спорот, каматата, судските трошоци како и фазата во која е спорот во моментот на склучувањето на спогодбата.

Доколку се склучат спогодби за порамнување тогаш во секоја спогодба поединечно ќе се уреди начинот на плаќање на долгот, каматите и настанатите судските трошоци.

**Член 15**

ЕВН Македонија АД Скопје и ЗЕЛС се согласни заеднички да се обратат до Советот на секоја општина одделно, со препорака во општинската Програма за уредување на градежното земјиште да се предвиди одредба за ослободување на ЕВН Македонија АД Скопје од обврската за плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште, бидејќи се работи за инфраструктурни објекти,објекти од јавен интерес

ЗЕЛС е согласен да достави препорака до Советите на општините за укинување на надоместокот за уредување на градежно земјиште во делот за енергетика,односно плаќање на делумен надоместок за уредување, кој се утврдува кон инвеститорите во постапката на дозвола за градење поради избегнување на двојната наплата по ист основ кон граѓаните, а согласно Законот за енергетика, каде се утврдува ЕВН Македонија АД Скопје како единствено друштво кое врши изградба на електроенергетски објекти.

**Член 16**

ЗЕЛС и ЕВН Македонија АД Скопје заеднички ќе разботат на изготвување на иницијатива за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта Законот за јавни патишта (Сл.весник на РМ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06 и 22/07) во насока на утврдување на соодветни критериуми за пресметка на надоместокот за поставување на инсталации .

ЗЕЛС е согласен да упати циркуларен прашалник до своите членки – општините со помош на кој ќе го усогласи и утврди износот за пресметка на надоместокот за поставување на инсталации на патот и на трудот на патот, а притоа да се земе во предвид препораката на АД – Хок Комсијата во форма на конкретен утврденеден предлог.

Утврдениот усогласен износ во форма на предлог ќе го достави до Советите на општините за утврдување на единствени и усогласени износи на надомест за поставување на инсталации.

**Член 17**

Страните потписнички се согласни дека ќе вложат взаемни напори за подобрување на системот на меѓусебна комуникација, координација и унапредување на постојните системи на евидентирање на податоците на правните субјекти во духот на взаемна соработка и разбирање.

## ГЛАВА III
општи и завршни одредби

**Член 18**

Страните потписнички на овој Меморандум се согласни дека во процесот на реализација на одредбите утврдени со овој Меморандум, доколку е потребно можат да се внесуваат дополнувања или измени на истиот во насока на поголема ефикасност во реализација на взаемно утврдените цели.

Измената на одредбите на овој Меморандум во смисол на став 1 на овој член се врши единствено со писмена согласнот на двете страни потписнички.

**Член 19**

Во насока на реализацијата на одредбите на овој Меморандум, двете страни изјавуаат дека се во целост свесни за сопствените цели и интереси кои со истиот ги изразуваат, како и организациската структура и правната сила на истакнатите препораки и преземени обврски.

Неможноста за реализација на одредбите поради индивидуалните специфики на општините на кои се однесуваат дел од одредбите на овој Меморандум, немаат правни последици врз страните потписнички, а особено преземените обврски кои имаат својство на препорака до органите на општините.

**Член 20**

Овој Меморандум е составен во четири еднообразни примероци, по два за двете страни потписнички (два на македонски јазик, два на германски јазик).

страни потписнички:

**ЕВН Македонија АД Скопје,**
**Претседател на Управниот одбор,**

**ММаг. Георг Валднер**

**Заедница на единиците на локалната самоуправа на РМ – ЗЕЛС**
**Претседател,**

**Андреј Петров**

**ЕВН Македонија АД Скопје,**
**Заменик Претседател на Управниот одбор,**

**Инж. Карл Хајнц Грасман**